| РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП СКОПЈЕ<br>Бр.0302-047/2<br>Дата 31.03.2026 год.<br>Скопје | АКР | Бул."Крсте Мисирков" 7- Спр.1/9 1000 Ск.<br>С-ка: 210076920800157 НЛБ БАНКА АД Скопје<br>Даночен број : 580023512167<br>e-mail: ruleskia@yahoo.com ;<br>Тел: 075 45 16 20 |
|---|---|---|


СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANCIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikën e Maqedonisë së Veriut

| Примено<br>Pranuar më: | 31.03.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един.<br>Njësia | Број<br>Nr. | Прилог<br>Shtojcë | Вредност<br>Vlera |
| | | | |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје

## *ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2024 ГОДИНА ВО ТЕКОТ НА 2025 ГОДИНА*

***Скопје, март 2026 година***

# ВОВЕД

Извештајот за транспарентност на РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје во натамошен текст (ТП) е изготвен и објавен во согласност со член 35 од Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр. 158/2010... 83/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.122/21) и насоките за подготовка на извештајот за транспарентност издадени од Советот за унапредување на ревизијата на Република Македонија (СУННРМ).

Како ТП за ревизија кое врши законска ревизија на годишните финансиски извештаи на друштвата од јавен интерес, РУЛЕ РЕВИЗИЈА Скопје (во понатамошниот текст "РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје") издава годишен извештај за транспарентност.

Сите податоци кои се наведени во приложениот извештај се однесуваат на работата на Друштвото на 31 декември 2025 година, освен ако не е поинаку назначено.

**I. Правна структура и сопственост на друштвото за ревизија;**

РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје, со седиште на Булевар КРСТЕ МИСИРКОВ бр.7 срат 1 лок.9 (ГТЦ Мавровка) Скопје, е основано на 18.08.2023 година и запишано во Централниот регистар на РМ – ЕМБС 7692080. Истото е заведено во регистарот на ИОРРМ под бр. ТП030 и поседува лиценца издадена од СУНР со бр.08-425/7 од 27.12.2023 година. Правната форма е ТП. РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје е овластено и регистрирано за вршење на ревизија на финансиски извештаи во Република Северна Македонија.

**II. професионална мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;**
Не е во мрежа на правни структури

**III. Управувачка структура на друштвото за ревизија;**

Сопственичка структура:
Основач и сопственик на удел во РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје, е Александар Рулески ул. Методија Шаторов Шарло Блок 6/41 АЕРОДРОМ СКОПЈЕ со основна главнина од 5.000,00 EUR;

Приоритетна дејност: шифра: 69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување. Годишно осигурување од одговорност во согласност со Законот за ревизија: Издавач на полисата: UNIQA АД Скопје, друштво за осигурување. Минимална сума на покривање: 15.375.000,00 МКД. Број на полиса:13001O093752 Период на осигурување: 05.09.2025 до 05.09.2026 година. Продолжено е годишното осигурување во 2025/2026 година.

Со состојба на 31.03.2026 година друштвото има вработено 2 лица од кои еден овластени ревизори, едно лице администратор на неопределено полно работно време и еден повремено вработени со договор за дело.

Со состојба на ден 31.03.2026 година има вработено 1 овластен ревизор со полно работно време и 1 вработен, со средно образование со полно работно време.

**IV. Внатрешен систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија;**

Александар Рулески изјавува дека применува ефикасен систем на контрола на квалитет низ политики и процедури на внатрешна контрола на квалитетот како основа при планирање и спроведување на ангажманот. ТП има усвоено и применува политики и процедури со цел унапредување на деловната култура заснована првенствено на препознавање и одржување на квалитетот, како што е дефинирано во Прирачникот на ТП за политиките на ревизија.

Ги има воспоставено следните процедури, како дел од Меѓународниот стандард за контрола на квалитет

РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје е фокусирано на професионална исклучителност како основа за постигнување на траен врвен квалитет на услугите на ревизија. Наведениот прирачник содржи политики и процедури и утврдување на лидерската одговорност за системот на контрола на квалитетот за ревизија, етичките барања, барањата во врска со прифаќање на клиенти и ангажмани и одржување на континуитет, човечките ресурси и извршување и мониторинг на ангажманот.

Примарна постапка на нашата ревизорска методологија, претставува процесот на прифаќање и континуитет со клиентот, во кој со помош на електронски алатки се врши оцена на деловниот и другите ризици и услови во кои делува клиентот. Оваа оцена е примарна во процесот на одлучување за прифаќање на клиентот или континуитет на претходно прифатените клиенти. Во процесот на прифаќање и континуираност, најмногу влијание се посветува на интерните контроли на клиентот, интегритетот на раководството, континуитетот на операциите и ризикот од измами и кражби.

- **Годишна контрола на квалитетот на работењето**

Во согласност со нашите политикити во, работењето и услугите на ревизија подлежат на годишна контрола на квалитетот. Усогласеноста со оваа политика се постигнува со годишна контрола на квалитетот која покрива деловен циклус од три години. Е одговорно за спроведување на контрола на квалитет на работењето, пружа упатства, насоки и надзор во врска со планирањето и постапките на контрола на квалитетот.

Општата координација и администрација на програмата за контрола на квалитетот е одговорност на управителот за контрола на квалитетот на ревизијата.

Управувачката структура на ТП се обврза да ги презема сите дејствија потребни за да се осигура дека РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје обезбедува:
- Квалитет;
- Независност;
- Ообјективност и
- Етичко однесување.

Нашата управувачката структура редовно испраќа известувања до сите вработени во кои ја нагласува важноста од обезбедување на квалитетни услуги. Подеднакво важно е редовното информирање на вработените за новите стандарди и поврзаните насоки за да им помогне во обезбедување на висок квалитет на услуги на нашите клиенти.

Управувачката структура контунирано ја нагласува важноста за одржување на стандардите за квалитет. Со таквото однесување, управителот покажува дека ние цврсто веруваме во нашите цели и системи за одржување на квалитет. Ова е потврдено со именување на соодветен вработен управител кој е одговорен за независност, управување со ризик и квалитет на ревизијата.

### ❖ Независност при извршувањето на ангажманот

РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје усвои политики и прописи во областа на независноста и усогласеност со стандардите кои се применуваат, со рестриктивни локални закони и прописи на професијата.

Во текот на секојдневното работење, ТП ги идентификува и намалува на прифатливо ниво ризиците кои се појавуваат во врска со независноста, во согласност со политиките и процедурите. Како еден од механизмите е навремено известување од страна на персоналот за ново настанати ситуации кои би можеле да влијаат на независноста и преземање на соодветни мерки.

Дополнително, на годишно ниво обезбедува изјава од страна на вработените за работењето во согласност со етичките барања воспоставени со Правилникот.

Како дополнителна контрола, подлежи на внатрешна контрола на квалитетот во текот на извршувањето на ангажманите, како и после издавањето на ревизорското мислење.

Со ISQC 1 се утврдуваат и елементите на системот за контрола на квалитет кои РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје во ревизија се должни да ги воспостават.

Условите ги покриваат следниве области:

- Одговорност на раководството во однос на квалитетот на работа во рамките на РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје;
- Условите за професионална етика;
- Процедури за прифаќање и континуитет со клиентот, како и прифаќање на специфични ангажмани;
- Управување со човечки ресурси;
- Работа на реализација на проекти; и
- Мониторинг.

РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје ги исполнува горенаведените услови како што следува:

Одговорност на управителот во однос на квалитетот на работа.

### ❖ Разбирање, прифаќање и континуитет со клиентот

РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје применува процес на идентификуваање на прифатливи клиенти врз основа на системот за поддршка на одлуката за прифаќање и задржување на клиенти.

Системот бара тимот на ангажманот, администрацијата и експерти во индустрискиот сектор и вработените одговорни за управување со ризикот утврдат дали ризиците поврзани со постоечки или потенцијални купувачи се прифатливи и дали ќе биде потребно да се контактира со одредена компанија, нејзиното управување.

Нашите ставови за деловните ризици на клиентот, стекнати со помош на рамката за деловна анализа, ги споредуваме со ставовите на раководството, со цел да придонесеме при правилното оценување на деловните ризици и креирање соодветен прилагоден ревизорски пристап, со цел да одговори на тие ризици.

### ❖ Работење во согласност со Кодекс на однесување

РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје има воспоставено Кодекс на однесување кој содржи политики и процедури со цел персоналот да работи во согласност со релевантните барања за етика. Овој кодекс на етика е во согласност со Кодексот на етика воспоставен од Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководителите (IESBA) како дел од Меѓународната федерација на сметководители (IFAC).

Прегледи со цел контрола на квалитетот на ревизорски ангажман Помеѓу останатото, статутарните извештаи за ревизија на единечните или консолидираните годишни финансиски извештаи на друштвата од јавен интерес се предмет на преглед со цел контрола на квалитетот на ревизорскиот ангажман.

Ревизорскиот тим на соодветен начин го известува управителот, додека тој контролата ја извршува на начин кој му овозможува да стекне доволно знаење и разбирање на основа на кои може да донесе заклучок.

Одговорноста на управителот опфаќа објективна контрола на значајни ревизорски, сметководствени и прашања во однос на финансиското известување, документирање на извршените постапки на контрола и заклучување, на основа на сите релевантни фактори и околности за кои има сознанија, дека не се воочени никакви прашања кои укажуваат на тоа дека формираните значајни претпоставки и донесени заклучоци не биле соодветни во дадените околности.

Кај ангажманите кои се означени како ангажмани со висок ризик се именува лице за контрола на квалитетот на такви ангажмани, како би се обезбедило дополнително ниво на компетенција и објективност во планирањето и извршувањето на ревизорскиот ангжман. Овој овластен ревизор за посебна контрола е независен во однос на ангажманот. Обично таков ревизор поседува специјализирани технички вештини и познавање на одредени стопански гранки кои можат да се применат на дадениот ангажман и, во одредени ситуации, независен е во однос на одделението кое пружа услуги со цел да се обезбеди повисок степен на објективност или пристап до специјализирани ресурси. Извештајот за извршената ревизија може да се издаде само доколку контролорот се уверил дека ревизорскиот тим ги извршил соодветните проценки и донел правилни заклучоци, во целост во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија или со Меѓународните стандарди за ревизија и други важечки правила и прописи.

- Угледот на РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје и неговиот управител;
- Ефективноста на работењето;
- Кредибилитетот и искуството на вработените кај клиентот одговорни за финансиско известување;
- Било какво поттикнување или склоност на управувачката структура да се манипулира со искажаните резултати;
- Секој невообичаено агресивен или креативен пристап кон сметководственото прикажување;
- Сите трансакции кои се сложени, невобичаени или кои тешко може се проценат;

- Сите проценки кои вклучуваат несигурност или субјективни одлуки;
- Сите трансакции со поврзаните субјекти кои не се дел од консолидираната група;
- Било каква индикација дека компанијата може да има финансиски тешкотии;
- Стручно знаење кое е потребно да може да се изврши одредена работа.

## ❖ Управување со човечки ресурси

Вработувањата се спроведуваат по строго утврдени стандарди независно од тоа дали станува збор за практиканти или за кандидатите со искуство, на поединецот, проверка на знаења неопходни за конкретната позицијата, поединечни разговори, проверка на веродостојноста на образованието и референците.

## ❖ Професионален развој:

Учењето е континуиран процес. Започнува при самото вработување на поединецот и продолжува во текот на целата негова кариера. Вработените се дел од формални обуки, а посетуваат 40 часови во годината, Континуирано професионално обучување а посебно преку работата. Областите кои ги покрива едукацијата вклучуваат компетенции во сметководство, ревизија, етика и независност, како и специјализирани области во кои работи поединецот (специфични индустрии).
Нашите вработени и овластениот ревизор континуирано се обучуваат, едуцираат, развиваат а непосредно се вклучени и во обучувањето на вработените преку работата. Клучна одговорност на овластениот ревизор е: надзор, обучување и доусовршување, како и размена на искуства со сите вработени.

РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје креира окружување во кое: Овластените ревизори и вработените континуирано се доусовршуваат и развиваат, за секој поединец од аспект на неговите ангажман, улога и одговорност. Исто така гарантира почитување на професионалните стандарди заедно со потребното стручно образование. Нашите едукативни програми континуирано се ажурираат како би им пружиле развој, вештини и искуства на вработените кои им се потребни како експерти кои обезбедуваат клиентски услуги.

## ❖ Надзор и насочување:

Управителот и овластениот ревизор на чело на ангажираниот тим имаат одговорност да ги алоцираат стручните квалификации на вработените кои го имаат потребното искуство во дадени околности. Тие воедно се одговорни и за утврдување на опсегот на насочување, надзор и преглед на работата на помалку искусните вработени на кои им се доделени работни задачи.

## ❖ Напредување:

Управителот на друштвото, и вработените се оценува на годишна основа преку евалуација на резултатите од работата во којашто учествуваат вработените од различни хиерархиски нивоа. Вработените добиваат формална повратна информација за секој ангажман на кој поминале 40 или повеќе часа. Вработените формално се оценуваат најмалку еднаш годишно преку коментари од страна на управителот и овластениот ревизор со кои работеле на одреден проект – предмет на ревизија или уверување.

Нашата методологија е изработена на начин да обезбеди квалитетен производ и непречен развој на вработените. Методологијата предвидува и можност за неформално давање на оценка во текот на самиот ангажман.

Сето горенаведено е обединето во годишната оценка на вработените на база на воспоставените вредности, индивидуално поставените цели за соодветната година, како и соработката на колегите. После годишната анализа и оценка на годишните резултати на секој вработен, менаџерскиот тим одржува состанок чија цел е уште еднаш да се проверат и потврдат ставовите.
Во процесот се оценува целокупниот ангажман на вработениот вклучувајќи го неговиот однос кон колегите и клиентите, како и неговите јаки и слаби страни. Во случај да се утврдат одредени слабости, поединецот добива поддршка во вид на совет/препорака или обука која ќе мупомогне да ја надмине конкретната слабост.

- **Извршување на ангажманот**

Согласно ревизорска методологија како и процесот за сите ревизорски работи со цел обезбедување на усогласеност и доследност во пристапот. Методологијата по потреба се унапредува за да биде во согласност со промените во окружувањето. Управителот, овластен ревизор и вработени континуирано се обучуваат за примената на оваа методологија.

Сеопфатни политики и процедури:

Постојат сеопфатни политики и процедури со чија помош се управува нашата сметководствена и ревизорска пракса, а истите постојано се ажурираат како би се одржувале најновите промени во струката и нашата локална работна околина со цел решавање на прашањата кои се јавуваат, како и потребите и проблемите во пракса. Наведените политики не ги опфаќаат само стручните и регулаторни стандарди, туку и насоките кои му ги даваме на нашиот стручен тим за тоа како е најдобро тие да се применат. Истите се достапни во облик на електронски датотеки и бази на податоци, редовно се ажурираат и надополнуваат со сите актуелни случувања и достапни им се на нашите вработени на кое било место во кое било време.

- **Контроли на квалитетот специфични за ангажманот:**

Напишани се други процедури за контрола на квалитетот кои посебно се спроведуваат за одредени ревизорски ангажмани заради нивната присутност во јавноста или зголемениот ризик.

Политиките на друштвото исто така подразбираат консултации со соодветни експерти, како и експерти за одредени индустриски сектори во врска со специфични трансакции и околности кои можат да бараат примена на значајна рассудувања.

- **Утвдување и контрола на ризикот и квалитетот на услугата**

Управувањето со ризиците, нудењето услуги и утврдувањето на политиките се значајна функција, како ризик и квалитет, ги вклучуваат следниве клучни функции: управување со ризиците, независност и други неревизорски услуги, регулаторни прашања, ревизорски услуги, обука и развој, етика и деловно однесување.

Клучна одговорност на партнерите и овластените ревизори задолжени за управувањето со ризиците е да бидат составен дел при постапката за прифаќање и континуитет на клиентот, одговорни за проценка на ризикот за квалитативна и квантитативна основа, овластените ревизори задолжени за управувањето со ризиците мораат онаму каде што тоа е потребно, да бидат активно вклучени во тимовите за да бидат консултирани е продолжувањето на соработката со клиентот.

За одбрани ангажмани за контрола соодветно се информира одговорниот партнер и овластениот ревизор на друштвото, што зависи од многу фактори, како што се:

- Големината на субјетот;
- Бројот на сегментите и нивната географска локација;
- Резултати на контрола на ангажманите и политиките, процедурите;
- Природата и комплексноста на практиките и организираноста;
- Ризиците поврзани со клиентите на друштвото и ангажманите.

При утврдувањето на обемот на контролата, може да се земат во предвид заклучоците на независните надворешни инспекциски програми. Во секој случај, надворешната инспекциска програма не е замена за контролата во рамките на друштвото. Кога резултатите од контролата се добиени и финализирани, одговорниот котролор – овластен ревизор, за контролата ги разгледува резултатите, со цел да се утврди причината за идентификуваните недостатоци и комуницира со управителот кој е одоговорен во друштвото за да се преземат соодветни мерки со цел разрешување на идентификуваните недостатоци поврзани со соодветните системи и одговорни лица, доделувањето на задачи на тимот, ротација на членовите на тимот и сл.

Препораките за корективни акции за откриените недостатоци треба да вклучат:

- Превземање на акција за ангажманот или член на тимот;
- Комуникацијата за наодите со одговорните за обука и професионален развој;
- Промени во контролата на квалитет на политиките и процедурите;
- Дисциплинска акција заради непочитувањето на политиките и процедурите на фирмата, особено за оние кои тоа го прават во повеќе наврати.

### ❖ Архивирање и чување на податоци

Во врска со архивирањето, одредено според нашите политики, како систем се користи за:

- Комплетирање на финалното досие на ангажманот 60 дена, по издавањето на ревизорскиот извештај;
- Задржување само на конечната верзија на електронски или податоци во хартиена форма за архивирање и бришење на претходните верзии;

Архивирањето е утврдено согласно актите за архивско работење. Постојат имплементирани процедури за надгледувањето на периодот за задржување или уништување на електронските податоци. Надгледувањето на периодот на задржување или уништување на хартиените податоци се врши на сооедветно ниво. Управителот за управување со ризик најмалку еднаш годишно го разгледува извештајот на архивираната

документација од ангажманот и одлучува дали таа да биде уништена. Процесот за надгледување на комплетноста на податоците се регистрира во системот за архивирање. За секој ангажман контролата се врши од одговорното лице на ангажманот. Постои формален процес за потребите на селекцијата и надгледувањето на надворешните архивски постапки.

**V.** Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот во текот на 2025 година е извршена проверка на ревизиите за 2023 и 2024 година.

**VI.** Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната 2024 деловна година;

АНГАЖМАНИ ЗА ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ ВО 2025 година.

| Назив на правен субјект | Град | Правен статус | Вид на ревизија | Законска / договорна | Изготвен консолидиран финансиски извештај | Правно лице од јавен интерес | Година/период на ревизија | Котиран ентитет на берза |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МАКЕДОНИЈА ЛЕК | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ЧЕЗА КОМЕРЦ | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| МЕДИКОМ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ДУКИ ДАСО | НЕГОТИНО | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ЕКО ШАР | ТЕТОВО | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| СПЕЦИЈАЛ ГРАДБА | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| СПЕЦИЈАЛ ГРАДБА КОНСОЛИ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | да | не | 2024 | не |
| ИЗВОР ВАДИН | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| Н.И.Г ИНТЕРНАЦИОНАЛ | ГЕВГЕЛИЈА | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| БЕЛВЕДЕРЕ ВАСИЛЕСКИ КЛИ | ОХРИД | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ПРЕСПА ПРОМЕТ | РЕСЕН | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| АЛСАТ | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ВЕВЕ ГРУП | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ВЕВЕ ГРУП КОНСОЛИДИРАН | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | да | не | 2024 | не |
| ЦЕ МАК ФИН.ДРУШТВО | ПРИЛЕП | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| НЕС КОМЕРЦ | ТЕТОВО | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| БУРДЕМ ПЛАСТИК | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| БУРДЕМ 2 | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| Ј.П. ДРИСЛА | СКОПЈЕ | ЈП | Законска | Законска | | да | 2024 | не |
| ТРИМ | ОХРИД | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ТРИМ И ЛУМ | ОХРИД | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АЛ КОСА | ШТИП | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| АГРОХЕМИЈА | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ФИКС КРЕДИТ | ТЕТОВО | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ВЛАДМАР ГРУП ПОЕДИН. | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ВЛАДМАР ГРУП КОНСОЛИДИ | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | да | не | 2024 | не |
| ТОПЛИНА ПОДМОЉЕ | ПОДМОЉЕ | НЕМА РЕВИЗИЈА | | | | | | |
| ВАТО СТУДЕНИЧАНИ | СТУДЕНИЧА | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ПИН ПЕТРОЛ КУМАНОВО | КУМАНОВО | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ТРПЕ ИНВЕСТ ОХРИД | ОХРИД | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| БАКО ЊУЗ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| БУЛЈА ТРАНС | ТЕТОВО | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| Д.С.ГРИН ЕНЕГРИ ПЛАНТ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ХИСАР ТУРИЗАМ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ХИСАР ТУРИЗАМ ВИП | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ А | СКОПЈЕ | АД | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| СИМЕТРИ КВАНТУМ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС ПОЕДИНЕ | ВЕЛЕС | АД | Законска | Законска | | да | 2024 | да |
| ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС КОНСОЛИ | ВЕЛЕС | АД | Законска | Законска | да | да | 2024 | не |
| ФУТУРА ПОЕДИНЕЧНА | ПРИЛЕП | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ФУТУРА ТОНИ И ДР. КОНСОЛ | ПРИЛЕП | ДОО | Законска | Законска | да | не | 2024 | не |
| МАРИЈА ТРАВЕЛ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| СТЕФАН ТУРС | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| СТЕФАН ТУР ТРАВЕЛ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| СТЕФАН ТРАВЕЛ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ЦИЛЈИ КОМПАНИ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ВИП СЕРВИС | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| АГРИМЕНЗОР | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| АРТ ПРИНТ СТУДИО | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСАК | ТЕТОВО | АД | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| СКАУТ ТРАВЕЛ КОМ.ТРАНСПС | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| НОЕЛ ГЕВГЕЛИЈА | ГЕВГЕЛИЈА | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| НОЕЛ ПЛУС ГЕВГЕЛИЈА | ГЕВГЕЛИЈА | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| БЕННТОН ДОО | [illegible] | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| БЕННТОН ДОО КОНСОЛИД. | ГЕВГЕЛИЈА | ДОО | Законска | Законска | да | не | 2024 | не |
| ПАБЛИК ПЛЕЈС | КУМАНОВО | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ЧИБУК ТРАВЕЛ | ПРИЛЕП | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ИСА - Н ДООЕЛ | ПРИЛЕП | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ДЕЛФИНА ТУРС | СКОПЈЕ | ДОО | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| БЕСТ ТРАВЕЛ | СКОПЈЕ | ДОО | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ИНТЕР ТУРС | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| САНИК ИНЖЕНЕРИНГ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2023 | не |
| САНИК ИНЖЕНЕРИНГ КОНСО | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | да | не | 2023 | не |
| К&С ИТ – УНД НЕЦВЕРКСЕРЕ | [illegible] | ДОО | Законска | Законска | | не | 2023 | не |
| КОНЗЕРВНА ФАБРИКА АД | [illegible] | АД | Законска | Законска | | да | 2024 | да |
| *ИТС ТЕХНОЛОЦИ ДООЕЛ Скопје* | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ОРИОН ИНЖЕНЕРИНГ ДОО | ПРИЛЕП | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ТРАНСФЕР ТУРИСТ ДООЕЛ | ОХРИД | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ЗИ-ГРУП ДООЕЛ СКОПЈЕ | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ВАРДАР - ЕКСПРЕС ДОО Ск | СКОПЈЕ | ДОО | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| СТОПАНСКА КОМОРА ТРГ.КО | СКОПЈЕ | ИНТЕРЕСНА ЗАЕД. | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ОАЗА ДООЕЛ | ТЕТОВО | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ИДЕ ГРУП | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| РАФАЕЛ ЕДМОНД | [illegible] | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ДЕРВЕНТ ПРОМЕТ ДООЕЛ | [illegible] | ДООЕЛ | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ГЛИЦ ДООЕЛ | [illegible] | ДООЕЛ | Законска | Законска | да | не | 2024 | не |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГРАНД СЛОТ ДОО с | ИЛИНДЕН | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ЈП ЛАЈКА | СКОПЈЕ | ЈП | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| АНРРА-ЦЕНТРУМ ДОО | ТЕТОВО | ДОО | Законска | Законска | | не | 2023 | не |
| ХИСАРИ-ГД ДООЕЛ | ДЕБАР | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| МИКИВО ДООЕЛ Тетово | ТЕТОВО | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| СМД СОЛУТИОНС ДОО Илинден | СКОПЈЕ | ДОО | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ФИНЕ ДОО Скопје | СКОПЈЕ | ДОО | Законска | Законска | | не | 2024 | не |
| ПИРАМИДА ТУРС Свети Николе | СВ.НИКОЛЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| Ц.И.А.К. АУТО ДООЕЛ за Р,Хрватска | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2024 | не |
| ЛИСНА-КОМЕРЦ Ирфан ДООЕЛ | ТЕТОВО | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2024 | не |
| БОСМАН ЈАНСЕН ДООЕЛ Прилеп | ПРИЛЕП | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| БОСМАН ЈАНСЕН ДООЕЛ КОНСОЛ. | ПРИЛЕП | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2024 | не |
| ОСД Кирил ДООЕЛ | ШТИП | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2024 | не |
| ХОБИ ЦЕНТРУМ ДООЕЛ | ТЕТОВО | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2024 | не |
| ПРЕСПА - ПРОМЕТ ДООЕЛ Ресен | РЕСЕН | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2024 | не |
| ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДОО Скопје | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2024 | не |
| БУГИ ПРОМ ДООЕЛ Скопје | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2023 | не |
| ТУРЦХИНТРАДЕ ДООЕЛ Скопје | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Договорна | Договорна | | не | 2023 | не |
| ЕВРО-КОМ Мисим ДООЕЛ Тетово | ТЕТОВО | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2023 | не |
| АЛБИМПЕКС Петрика ДООЕЛ | ОХРИД | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2023 | не |
| ДОГАН ФРИГО ДООЕЛ Скопје | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2023 | не |
| УМЕР ТРЕЈД ДООЕЛ Петровец | СКОПЈЕ | ДООЕЛ | Ревизија | Ревизија | | не | 2023 | не |

**VII.** Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги;

**Изјава за независноста на работата на Друштвото**

РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје изјавува дека редовно спроведува постапки за проверка на независноста, кои се однесуваат на независноста на работата во однос на клиентите и ревизорскиот ангажман, и потврдува дека е спроведен редовен преглед на почитувањето на независноста. Воспоставени се политики и процедури за независност, кои подразбираат спроведување на одредени годишни проверки усогласени со барањата за независност.
- Секој вработен е должен секоја година, на 31 мај, да потпише лична изјава за независност. Покрај тоа, слични потврди се обезбедуваат и од новите вработени и од оние кои го напуштаат работењето.
- Процесите на прифаќање на клиентите и ангажманот се применуваат со цел да се потврди дека независноста не е загрозена.

**Континуирана едукација**

Во согласност со Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 83/2018, и "Службен весник на РСМ" бр.122/21) РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје изјавува дека обезбедува континуирано професионално усовршување за лиценцираниот овластен ревизор.

Овластениот ревизор континуирано одржува и ги унапредува своите квалификации низ комбинација на интерни курсеви и обуки кои ги организира Институтот на овластени ревизори на РСМ. Постојаното усовршување е меѓу клучните цели на нашата политика, методите на ширење на знаењето и подигнување на квалитетот на услугите. Интерните веб страници на нудат појдовна точка за учење, вклучувајќи и стручно усовршување (општо-прифатени сметководствени правила, општо-прифатени ревизорски стандарди, даноци, информациски системи), потоа курсеви од полето на управување и меѓусебно комуницирање, деловна економија и курсеви во врска со специфичните стопански гранки.

- Политики и процедури за унапредување кои го дефинираат потребното искуство, квалификации и остварени резултати за напредување до секое ниво, со кои се запознаени сите вработени ви Друштвото;
- Процедури за периодична оценка на резултатите на вработените;
- Менторски програм со цел да им се помогне на вработените реално да ја развијат кариерата и да изработат планови за развој на професионалните цели.

**9. Финансиски информации**

Друштвото во 2025 година остварило вкупен приход од 6.237.629 денари, чија структура е претставена во следнава табела:

| Р.бр | Опис за извршени ревизии и услуги | ИЗНОС |
|---|---|---|
| 1. | Законски ревизии | 5.593.000 |
| 2. | Договорни ревизии | 750.055 |
| 3. | Останати услуги | 0 |
| 4. | ВКУПНО | 6.343.055 |

**VIII. Информации за утврдување на надоместот на овластените ревизори.**

Надоместот на секој овластен ревизор се состои од два елементи – надомест врзан за позицијата и надомест за постигнати резултати – од кои и двата се однесуваат на придонесот на ревизорот во согласност со одговорноста. Надоместот врзан за позицијата зависи од обемот и влијанието на одговорноста на ревизорот. Надоместот за постигнатите резултати се однесува на исполнување на поставените цели за дадената година. Оценувањето на партнерите се врши еднаш годишно а нивниот надомест за одговорност и резултати се коригираат, т.е. се зголемуваат и намалуваат во согласност со постигнатото и планираниот придонесот во фирмата.

Посебно истакнуваме дека во текот на 2025 година поради околностите и објавите од Централниот регистер на РСМ имавме зголемен обем на работа поради непредадени годишни сметки за 2024 година, потоа промена на шифрата на дејност кај превозниците и други корекции на годишните сметки за 2023, 2024 година за оклу 48 правни субјекти кои се договорни ревизии и запишани во ГИА.

Изјава од овластениот ревизор за ревизија за ефективноста на функционирањето на систем за контрола на квалитет;

X. - Прилог 1

| Изјава потпишана од овластениот надлежен орган на субјектот за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет |
| --- |

Управителот изјавува дека: РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР ТП Скопје работи според глобално усвоената методологија за работа. Глобалната ревизорска методологија овозможува ефективна и ефикасна испорака на високо квалитетни услуги на клиентите.

Обезбедува рамка за примена на конзистентен мисловен процес за сите ревизии. Методологијата подразбира давање на ревизорски услуги со тимска работа, што вклучува навремено ангажирање на одговорните лица низ целиот тек на ревизијата и овозможува алтернатини решенија зависно од состојбите на клиентот, професионалната оценка и ревизорскиот тим.

Скопје, 31.03.2026 година.

Овластено лице ____________________ Александар Рулески

Ревизија и сметководствени услуги ТП РУЛЕ РЕВИЗИЈА АКР Скопје Александар Никола Рулески